Сертификација
МКС EN ISO/IEC 17021
CT - 009
Certification

Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

- Сектор за финансиски прашања –
Одделение за јавни набавки тел 02 3106 449

**Архивски број:** 02-1140/1
**Датум:** 24-01-2024

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ 24/2019 и 87/2021), а во врска со член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), Министерот за труд и социјална политика, донесе

## ОДЛУКА ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**како отворена постапка за изведување на градежни работи за изведувањето на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова" во Дом за стари лица во општина Пробиштип**

1. Согласно одредбите од Законот за јавни набавки("Службен весник на РСМ"бр.24/19 и 87/21), Министерството за труд и социјална политика во име на група договорни органи во која Општина Пробиштип се јавува како член на групата, потребно е да спроведе отворена постапка за јавна набавка на работи со објавување на оглас на ЕСЈН, за изведувањето на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова" во Дом за стари лица во општина Пробиштип, според следниве податоци:
2. Предмет на набавката е: **Изведувањето на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова" во Дом за стари лица во општина Пробиштип.**
3. За реализација на точка 1 од оваа Одлука потребни се средства во износ од 33.752.854,00 денари без пресметан данок на додадена вредност, односно со вклучен данок на додадена вредност во износ од 39.828.368,00 денари, од кои Министерството за труд и социјална политика ќе обезбеди 29.614.146,00 денари без данок на додадена вредност на Раздел 15001, програма 4А, сметка 637 и расходна ставка 481, а Општина Пробиштип ќе обезбеди износ до 4.138.708,00 без данок на додадена вредност. Плаќањето се предвидува да се врши по времени ситуации во период од две години.
4. Набавката не е делива на делови.
5. Критериум за избор е економски најповолната понуда - цена.
6. Во оваа постапка не се предвидува учество на надворешно стручно лице .
7. Јавната набавка од точка 1 од оваа Одлука да се спроведе како отворена постапка, со објавување на оглас за јавна набавка преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со спроведување на електронска аукција (Е-Аукција), согласно член 41 став (1), став (2), член 50, член 59 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/19).
8. Постапката за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавна набавка при Министерството за труд и социјална политика формирана со оваа одлука, која се состои од три членови и нивни заменици, во следниот состав:


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

- Сектор за финансиски прашања –
Одделение за јавни набавки тел 02 3106 449

- Претседател: Теодора Васиќ Петровска
- Член: Наталија Павлова
- Член: Валмир Рамадани

и нивни заменици во следниот состав:

- Заменик претседател: Благица Мирчевска
- Заменик член: Анкица Геновска
- Заменик член: Елена Александрова

9. Се задолжува комисијата од точка 8 од оваа одлука во целост да ја спроведе и реализира постапката за јавна набавка согласно одредбите од член 79 од Законот за јавните набавки. ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/19).
10. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/19), за потребите на Министерството за труд и социјална политика, потребно е да се спроведе отворена постапка со објавување оглас преку ЕСЈН, за јавна набавка на работи: **Изведувањето на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова“ во Дом за стари лица во општина Пробиштип**.

Предвидените активности се согласно Програмата на Владата на Република Северна Македонија за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита за 2024 година, објавена во Службен Весник на РСМ бр.15 од 23.01.2024 година, потребно е **Изведувањето на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова“ во Дом за стари лица во општина Пробиштип**.

Постапката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки број 02 –1129/1 од 24.01.2024 година и за истата е поднесено барање во прилог со предмер пресметка од страна на Одделението за заштита и вработување на инвалидни лица и заштита на стари лица при Сектор за социјална заштита.

11. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

12. Примероци од оваа одлука да се достават до:

*- Архивата на Министерството за труд и социјална политика*
*- Комисија за јавни набавки*

Jovanka Trencevska

Digitally signed by Jovanka Trencevska
Date: 2024.01.24 18:31:36 +01'00'

Министер
Јованка Тренчевска

Изработил: Благица Мирчевска, Раководител на одделение
Одобрил: Славица Костовска, Раководител на сектор


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk